# ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ул.„Маршал Тито“ бр.62, тел./факс +389 34 222 333

*Наш број* 12-1025/1 од 18.07.2023 *Ваш број*

**З А П И С Н И К**
**за спроведен практичен испит за инспектор**

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19) и Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на РСМ“ бр. 238/19) на ден 18.07.2023 година, со почеток во 11.00 часот, во службената просторија на Одделението за инспекциски надзор-инспекторат во Општина Богданци пред Комисијата за полагање на практичен испит за инспектор формирана со Решение од Градоначалникот на Општина Богданци со бр. 09-950/1 од 28.06.2023 година се спроведе практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

-Димитар Апостолов -виш инспектор, раководител на одделение за инспекциски надзор- претседател;
-Мирјана Гелебешова- овластен сообраќаен инспектор-член;
-Слободан Дичев- овластен градежен инспектор-член;
-Ресул Шемо-од Инспекцискиот Совет од областа на градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт-член.

Кандидатот за полагање на практичен испит за инспектор е **Стојан Стаменковиќ**, кандидат за овластен градежен инспектор.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор, каде кандидатот Стојан Стаменковиќ изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекцискиот надзор.

При презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот, комисијата ги утврди основните бодови, и тоа:
-Планирање и подготовка на инспекциски надзор-15 бода,
-Спроведување на инспекциски надзор-25 бода,
-Затварање на инспекциски надзор-30 бода,
-Документирање на инспекциски надзор-15 бода.

Комисијата констатира дека кандидатот Стојан Стаменковиќ **го положи** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 85 бодови.

Практичниот дел за инспектор траеше од 13.30 часот со 15.00 часот.

**Комисијата за полагање практичен испит за инспектор**

**1.Димитар Апостолов** ______________________

**2.Мирјана Гелебешова** ______________________

**3.Слободан Дичев** ______________________

**4. Ресул Шемо** ______________________